интерпромет
а. д.
Бр. 0201-514/1
28.05. 2026 год.
ТЕТОВО

Врз основа на член 383, 455 и 456 од Законот за трговски друштва и член 20 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со адреса на седиште на ул.Илинденска бр.18-А, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 28.05.2026 година во Тетово, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

## За одобрување на голема зделка – оттуѓување на недвижен имот

### Член 1

СЕ ОДОБРУВА Друштвото ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да склучи голема зделка со оттуѓување (продажба) на недвижен имот кој претставува сопственост на Друштвото, а кој недвижен имот се наоѓа во Тетово и е запишан со следните карактеристики:

**1. Стан** детално опишан во **имотен лист број 113175 за катастарска општина Тетово 1**, сопственост на друштвото со следните карактеристики:

- КП 3177 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 1, кат ПР, број 3, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 89 м2

**2. Стан** детално опишан во **имотен лист број 113176 за катастарска општина Тетово 1**, сопственост на друштвото со следните карактеристики:

- КП 3177 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 1, кат ПР, број 4, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 100 м2;

**3. Стан** детално опишан во **имотен лист број 113189 за катастарска општина Тетово 1**, сопственост на друштвото со следните карактеристики:

- КП 3177 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 2, кат ПР, број 6, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 91 м2;

**4. Стан со помошни простории** детално опишан во **имотен лист број 113207 за катастарска општина Тетово 1**, сопственост на друштвото со следните карактеристики:

- КП 3177 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 2, кат К 1, број 6, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 9 м2;
- КП 3177 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 2, кат К 1, број 6, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 86 м2;

**5. Земјиште под и околу зграда** детално опишано во **имотен лист број 114502 за катастарска општина Тетово 1**, кој претставува сосопственост на друштвото од 45/1048 идеален дел со следните карактеристики:

- КП 3177 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, катастаска култура гз/зпз 1, површина од 836 м2;
- КП 3177 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, катастаска култура зз/к, површина од 212 м2;

**6. Земјиште под зграда/градежно изградено земјиште** детално опишан во **имотен лист број 114503 за катастарска општина Тетово 1**, кој претставува дел од заедничка сопственост во соодветен дел по обем што му припаѓа на секој од погоренаведениот недвижен имот одделно (точка 1, 2, 3 и 4) со следните карактеристики:

- КП 3165 дел 8, адреса: ул.29-ти Ноември, катастаска култура гз/гиз, површина од 420 м2;
- КП 3165 дел 8, адреса: ул.29-ти Ноември, катастаска култура гз/зпз 1, површина од 274 м2;
- КП 3175 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, катастаска култура гз/гиз, класа 3, површина од 87

**7. Комуникациски гаражен простор,** детално опишани во **имотен лист број 113127 за катастарска општина Тетово 1**, кој претставува дел од заедничка сопственост во соодветен дел по обем

што му припаѓа на секој од погоренаведениот недвижен имот одделно (точка 1, 2, 3 и 4) со следните карактеристики:

- КП 3177 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 3, кат ПО -1, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда КГП, со внатрешна површина од 614 м2;

**8. Лифт** детално опишан во **имотен лист број 113125 за катастарска општина Тетово 1**, кој претставува дел од заедничка сопственост во соодветен дел по обем што му припаѓа на секој од погоренаведениот недвижен имот одделно (точка 1, 2, 3 и 4) со следните карактеристики:

- КП 3177 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 1, кат ПО -1, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ЛФ, со внатрешна површина од 9 м2;

**9. Ходници и скали** детално опишан во **имотен лист број 113230 за катастарска општина Тетово 1**, кој претставува дел од заедничка сопственост во соодветен дел по обем што му припаѓа на секој од погоренаведениот недвижен имот одделно (точка 1, 2, 3 и 4) со следните карактеристики:

- КП 3177 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 1, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС, со внатрешна површина од 417 м2;
- КП 3175 дел 2, адреса: ул.29-ти Ноември, катастаска култура гз/зпз 1, површина од 51 м2;

**Член 2**

Недвижен имот определен во членот 1 од оваа одлука да се продава и како целина и поединечно.

**Член 3**

Минималната купопродажна цена на имотот кој е предмет на продажба согласно член 1 од оваа одлука да се утврди врз основа на проценка која ќе биде изготвена од овластен проценител.
Купопродажната цена која ќе биде утврдена врз основа на изготвената проценка е без пресметан ДДВ. Износот на ДДВ ќе биде изразен одделно во купопродажната цена.

**Член 4**

Продажбата на недвижениот имот да се спроведе врз основа на прибрани понуди според критериум највисоко понудена цена.

**Член 5**

Во случај доколку купувачот на недвижниот имот има потреба за обезбедување на кредит за исплата на купопродажната цена за недвижниот имот, СЕ ОДОБРУВА воспоставување на залог (хипотека) врз недвижниот имот кој е предмет на продажба.

**Член 6**

Данокот на промет на недвижности во врска со преносот на правото на сопственост на недвижниот имот кој е предмет на продажба согласно оваа одлука да биде на товар на купувачот.
Купувачот да ги сноси трошоците за заверки и солемнизација на преддоговорот и договорот за купопродажба кај нотар, трошоците за запишување на правото на сопственост врз недвижноста во јавните книги, трошоците за воспоствaување и запишување на заложно право (хипотека) во корист на банка доколку такво се воспоставува заради обезбедување на кредит на купувачот за купување на недвижноста, како и трошоците за адвокат и нотар.

**Член 7**

СЕ ОВЛАСТУВААТ И СЕ ЗАДОЛЖУВААТ Управниот одбор и Претседателот на Управниот одбор на Друштвото да ги спроведе сите со закон дозволени и пропишани дејствија заради имплментација на оваа одлука, вклучително но не ограничувајќи се на организирање и реализација на постапка за купопродажба со прибирање на понуди, утврдување на содржината, правата и обврските, склучување и солемнизација на преддоговор и договор за купопродажба, застапување на друштвото пред сите надлежни државни органи и

институции, органи на единиците на локалната самоуправа, надлежен нотар, банки и финансиски институции, органи на единиците на локалната самоуправа, надлежен нотар, банки и финансиски институции, физички и правни лица, склучување на договор за залог (хипотека) на недвижниот имот кој е предмет на купопродажба доколку тоа е потребно заради одобрување на кредит на купувачот за исплата на купопродажната цена, преземање на дејствија за упис на преносот на правото на сопственост во јавните книги, како и преземање на сите останати дејствија кои ќе се јават како неопходни во врска со имплементацијата на оваа одлука и комплетирањето на постапката за купопродажба. Доколку во постапката за реализација на зделката која е предмет на оваа одлука се појави потртеба од донесување на дополнителни и/или поединични одлуки од надлежен орган на Друштвото, Управниот одбор ќе биде овластен без ограничување да ги донесе таквите одлуки, вклучително и во име на Собранието на акционери на друштвото, при што тие одлуки не смеат да бидат во спротивност со оваа одлука.

**Член 8**

Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетото потврдува дека зделката која е предмет на оваа одлука надминува 20% од сметководствената вредност на имотот на Друштвото и истата претставува голема зделка за која согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово одлучува Собранието.
Собранието на акцинери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука за голема зделка согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово и истата ја одобрува.

**Член 9**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово до Собранието на акционери е доставен предлог за продажба на невижен имот на друштвото запишан во имотни листови наведени во член 1 од оваа Одлука. Предлогот се дава со цел обезбедување на ликвидни парични средства за потребите на друштвото и евентуално покривање на загуби од претходни години.

Собранието го прифати предлогот за определување на минимална купопрдажна цена врз основа на проценка која ќе биде изготвена од овластен проценител за потребите на продажбата. Имајќи во предвид дека сметководствената вредност на недвижниот имот и определената минимална купопродажна цена надминуваат 20% од вкупната сметководствена вредност на имотот на друштвото според последната завршна сметка, оттуѓувањето на предметниот имот претставува голема зделка согласно одредбите од Законот за трговските друштва.

Заради постигнување на највисока можна цена за продажба на надвижниот имот, Собранието оцени дека е најсоодветно да се спроведе постапка за прибирање на понуди, при што договор за купопродажба ќе биде склучен со понудувачот кој ќе понуди највисока цена.

Со оглед на горенаведеното, Собранието на акционери на ИНЕТЕРПРОМЕТ АД Тетово, во рамките на своите надлежности определени со Статутот на Друштвото и Законот за трговските друшта, донесе одлука за склучување на голема зделка како во диспозитивот на оваа одлука.

**Собрание на акционери**
**на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**
**Претседавач:**

________________________